# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**1341.**

Врз основа на член 136 став 7 и 8, член 138 став 6, член 139 став 2 и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12 и 155/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ НА КОНТРОЛАТА НА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контролата на летање („Службен весник на Република Македонија” бр. 86/10), во членот 10 став (1) точка 1), зборовите: “, но не повеќе од 25 години” се бришат.

Член 2.

Во членот 14 во ставовите (3) и (4) зборовите: „шест месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр.10-533/3 | Директор |
| 10 април 2013 година | на Агенција за цивилно |
| Скопје | воздухопловство, |
| | д-р **Дејан Мојсоски**, с.р. |